# ‚Да, го видов Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како уринира, потоа зеде абдест и потре преку неговите местви.‘“

Ибрахим ен-Нехаи пренесува од Хамам бин ел-Харис дека рекол: „Џерир уринирал, потоа зел абдест и потрел преку неговите местви. Му рекоа: ‚Зарем така постапуваш?‘ Тој одговори: ‚Да, го видов Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како уринира, потоа зеде абдест и потре преку неговите местви.‘“ Ел-Амеш рекол: Ибрахим кажал: „Овој хадис им беше особено драг, затоа што Џерир примил ислам по објавувањето на сурата Ел-Маиде.“
[صحيح] [متفق عليه]

Џерир бин Абдулах, Аллах нека е задоволен со него, уринирал, потоа зел абдест и се задоволил со тоа што потрел преку неговите местви, без да ги измие нозете. Луѓето околу него прашале: „Зарем така постапуваш?!“ Тој одговорил: „Да, го видов Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, како уринира, потоа зеде абдест и потре преку неговите местви.“ Асхабот Џерир го примил исламот во подоцнежниот период – по објавувањето на сурата Ел-Маиде, во која е објавен ајетот за абдестот. Со тоа укажал дека протривањето преку мествите не е укинато со тој ајет.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65378